**20261762758**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став (3) од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 јули 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА СУРОВА НАФТА И/ИЛИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ДОСТАВА НА ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАСМАНОТ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР

Член 1

Во Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 208/21 и 225/21) членот 3 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот изнесува:

1) За лесни дестилати или лесни нафтени деривати (течни нафтени гасови ТНГ-бутан, пропан и смеса од бутан и пропан, сите видови моторни бензини и авиобензини) – 0,89 денари/литар;

2) За средни дестилати или средни нафтени деривати (сите видови дизел за автомобили, гасно масло или Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и керозин) – 0,89 денари/литар и

3) За тешки дестилати или тешки нафтени деривати (сите видови мазут) и друго (битумен и нафтен кокс) – 0,74 денари/килограм.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2650/10
28 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.